ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-237/2
21.03.2022 год.
СКОПЈЕ

Пречистениот текст на Правилникот за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РСМ ги опфаќа: Правилникот за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РМ (бр.0202-1287/6 од 25.12.2017 година), Одлуката за дополнување на Правилникот за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РМ (бр.0202-1127/3 од 14.12.2018 година), Одлуката за изменување на Правилникот за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РМ (бр.0202-187/13 од 09.03.2020 година) и Одлуката за дополнување на Правилникот за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РСМ (бр.0202-1221/23 од 27.12.2021 година)

Скопје, 18.03.2022 година

Комисија за статут и нормативни акти на Црвен крст на РСМ

Претседател
Даут Селими с.р.

# П Р А В И Л Н И К

## за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РСМ

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој Правилник за методологија се определуваат критериумите за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РСМ (во понатамошниот текст: општински организации), кој е предуслов за реализација на редовни активности и проектни задачи.

### II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 2

Основен критериум за утврдување на минимален број на членови во општинските организации е бројот на жители во единиците на локална самоуправа кои

Општинската организација ги покрива во своето работење, според кој се определуваат и бројот на претставници на Општинските организации во Собранието на Црвениот крст на РСМ.

Член 3

Во Црвен крст на РСМ утврдениот минимален број на членови во Општинските организации е 220 члена, а Општинските организации се распоредени по групи и тоа:

1. Прва група - до 50.000 жители - 220 членови

2. Втора група – до 100.000 жители - 440 членови

3. Трета група – до 150.000 жители - 660 членови

4. Четврта група - над 150.000 жители - 880 членови

Член 4

Во зависност од бројот на жители во единиците на локална самоуправа кои Општинската организација ги покрива во своето работење, распоредени по групи од член 3 став 1 на овој правилник општинските организации се распоредени во следните подгрупи:

**Прва група**

**Подгрупа :**

А) До 10.000 жители - 220 членови

Б) Од 10.001 до 20.000 жители - 265 членови

В) Од 20.001 до 30.000 жители - 310 членови

Г) Од 30.001 до 40.000 жители - 350 членови

Д) Од 40.001 до 50.000 жители - 400 членови

**Втора група**

**Подгрупа :**

Ѓ) Од 50.001 до 60.000 жители - 440 членови

Е) Од 60.001 до 70.000 жители - 485 членови

Ж) Од 70.001 до 80.000 жители - 530 членови

З) Од 80.001 до 90.000 жители - 570 членови

Ѕ) Од 91.001 до 100.000 жители - 615 членови

**Трета група**

**Подгрупа :**

И) Од 100.001 до 110.000 жители - 660 членови

Ј) Од 110.001 до 120.000 жители - 705 членови

К) Од 120.001 до 130.000 жители - 750 членови

Л) Од 130.001 до 140.000 жители - 790 членови

Љ) Од 140.001 до 150.000 жители - 835 членови

**Четврта група**

**Подгрупа :**

М) Од 150.001 до 160.000 жители - 880 членови

Н) Од 160.001 до 170.000 жители - 925 членови

Њ) Од 170.001 до 180.000 жители - 970 членови

О) Од 180.001 до 190.000 жители - 1010 членови

П) Од 190.001 до 200.000 жители - 1055 членови

Над 200.000 жители минималниот број на членови е 1100 члена и подгрупите се определуваат на истоветен начин како во овој член.

Член 5

Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ врз основа на направена евалуација и анализа на крај на тековната, а за наредната година го утврдува минималниот број на членови во Општинските организации, во кој број најмногу до 10% може да се прифатат и членови поддржувачи постари од 18 години, при што бројот на членови не може да се намали под определениот минимум.

Член 6

Општинските организации се обврзни редовно да ја ажурираат својата евиденција, а на крајот на секоја година до Централната канцеларија на Црвениот крст на РСМ да доставуваат податоци за свои членови со платена членарина, како и податоци за новите членови со издадени членски книшки.

Обврската од став 1 на овој член исклучиво за 2018 година е со краен рок 30 јуни 2019 година.

Член 7

Во случај на крајот на годината во Општинската организација да се утврди намален број на членови на Црвен крст под утврдениот минимален број Централната канцеларија на Црвениот крст на РСМ привремено ја суспендира договорно пренесената надлежност на Опшинската организација и одлучува кој и како ќе ја врши истата.

Член 8

Централната канцеларија и укажува на обврската на Општинската организација и ја задолжува во определен рок не подолг од 60 дена да го обезбеди утврдениот минимален број на членови на Црвен крст.

Член 9

Доколку во оставениот рок го обезбеди минималниот број на членови на Општинската организација, се повлекува суспензијата и и се враќаат пренесените надлежности.

Член 10

Доколку во оставениот рок Општинската организација не го обезбеди утврдениот минимален број на членови се раскинува договорот за пренесена надлежност и Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ расправа и иницира постапка за утврдување одговорност согласно Правилникот за утврдување на одговорност на Општински организации на Црвен крст/Црвен крст на град Скопје, како и на органи и членови на раководни и управувачки структури и на носители на функции.

Член 11

Доколку Општинската организација не успее да го обезбеди минималниот број на членови, односно бројот на членови во Општинската организација се намали под бројот определен како статутарен основ кој е услов за постоење и за извршување на минимум програмски активности на Општинската организација, и се процени дека Општинската организација нема капацитет, човечки и материјални ресурси за натамошна работа и самостојно дејствување Раководниот одбор може да предложи Собранието на Црвен крст на РСМ да одлучи за статусна промена или да донесе Одлука за престанок на Општинската организација.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2018 год.